Врз основа на член 10 став 1 алинеа 9 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа ("Службен весник на РМ" бр. 124/10, 47/11 и 27/14) и член 19 од Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .мк домен и врвниот македонски .мкд домен ("Службен весник на РМ" бр. 88/14), Управниот одбор на Македонска академска истражувачка мрежа МАРнет по предлог на Директорот на ден 27.11.2015 година ја донесе следната,

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА РЕГИСТРАР

## Општи услови

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуват општите услови за работа на регистрари, се утврдуваат условите за стекнување на статус регистрар за националниот домен .mk и/или .мкд.

## Дејност на регистрар

### Член 2

Регистрар е секој правен субјект кој е авторизиран од страна на МАРнет за вршење на таква дејност и кој има овластен пристап до Регистарот за да прави промени врз основа на барање на контанктот.
Регистрарите ги превземаат следните дејства во име и за сметка на регистрантите:

- регистрација на национален .mk и/или .мкд домен (во понатамошниот текст домен),
- промена на податоци за домен,
- продолжување на регистрација на домен,
- промена на регистрант на домен,
- промена на регистрар на домен,
- прекинување на регистацијата на домен и
- други работи утврдени со  Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .МК домен и врвниот македонски .МКД домен (во понатамошниот текст- Правилник)  и договорот.

Секој регистрар назначува администратор, односно лице кое е овластено за обавување на административните работи при користењето на апликацијата за регистрари.
Регистрарот го известува МАРнет со писмен допис за назначениот администратор. Регистрарот е должен да го извести МАРнет за промената на

назначениот администратор најмногу 3 дена по извршената промена на администраторот.

## Постапка за стекнување на статус регистрар

## Член 3

*Прв чекор*

Кандидатот за стекнвање на статус регистрар најпрвин пополнува електронската пријава на интернет страницата на МАРнет.

*Втор чекор*

По уредно пополнета електронска пријава, за што кандидатот е известен од МАРнет, кандидатот доставува комплетна документација до архивата на МАРнет.

Документација која се приложува е:

- Барање за стекнување на статус регистрар;
- Опис на организацијата на кандидатот;
- Тековна состојба на кандидатот;
- Детална кадрова спецификација на кандидатот;
- Опис на техничките карактеристики на кандидатот;
- Интернет страница на кандидатот;
- Изјава дека кандидатот е запознаен и ги прифаќа пропишаните услови и акти кои се однесуваат на дејноста на регистрар.

*Трет чекор*

Кандидатот се повикува на информативен технички состанок на кој добива ресурси за пристап до тест инстанцата на системот и кратки инструкции за насоката во која треба да го развие софтверот за менаџирање со домените.

*Четврти чекор*

Откако ќе биде поднесена и одобрена претходно наведената документација, почнува фазата на тестирање од страна на МАРнет.

*Петти чекор*

По успешно завршеното тестирање, МАРнет со електронска порака го известува кандидатот и во рок од 14 дена се потпишува договор за регистрар.

## Административни услови

## Член 4

Секој кандидат за регистрар треба да ги исполнува следниве услови:

- Да биде правно лице регистрирано во Република Македонија;
- Да нема финансиски долгувања кон МАРнет.

## Технички услови

## Член 5

Кандидатот мора да ја обезбеди соодветната техничка инфраструктура за вршење на дејноста регистрар.

Кандидатот потврдува дека поседува технички и административен капацитет неопходен за успешно спроведување на регистрацијата на домени, користењето на системот на МАРнет во склад со Правилата за техничка комуникација утврдена од МАРнет.

МАРнет го задржува правото за измени и дополнувања на системот за операции со домени и е должен во рок од 30 ( триесет) дена пред стапување на сила на тие промени, да ги извести регистрарите за нив.

Доколку регистрарот е согласен со таквите промени, потребно е да го прилагоди сопствениот систем на новите промени. Во спротивно, регистрарот е должен во рок од 5 дена преку писмена изјава да го извести МАРнет по што следува раскинување на договорот за регистрација на национални поддомени, склучен со МАРнет.

МАРнет го задржува правото привремено да го прекине или ограничи регистрирањето на домени, доколку тоа е неопходно поради заштита на административното и техничкото функционирање на веќе постоечките домени.

## Инфраструктура на системот за регистрација

## Член 6

Инфраструктурата на системот и на неговите компоненти е под потполна административна и техничка контрола од страна на МАРнет.

Кандидатот/регистрарот превзема сигурни мерки за обезбедување на инфраструктурата, кое вклучува резервно напојување, резервна мрежна опрема, заштита од неовластено пристапување до податоците, заштита од вируси и други услови кои ги утврдува МАРнет.

## Договор

## Член 7

Кандидатот кој ги исполнува утврдените услови се стекнува со право на склучување на договор и по потпишувањето на таков договор се стекнува со статус регистрар.

Договорот се склучува за време од една година, сметано од денот на потпишувањето на договорот.

Договорот е со автоматско продолжување од една година по истекот на годината за кој е потпишан, доколку и понатаму се исполнети условите за регистрар.

МАРнет на својата интернет страница објавува листа со основни податоци за регистрарите и промена на статусот на нивните овластувања за вршење на дејноста регистрар.

## Поддршка за корисници

## Член 8

Регистрарот е должен да обезбеди поддршка на корисниците во врска со регистрација на домени, да биде редовно достапен за давање точни

информации по телефон и електронска пошта и на нив да одговара навремено.
Регистрарот на својата интернет страница и во документите кои ги издава за регистрација на домен, треба да ги наведе телефонскиот број и електронската пошта на техничката служба односно службата за поддршка, како и работното време.
Регистрарот на својата интернет страница видливо го истакнува знакот на МАРнет, кој упатува на интернет страницата на МАРнет каде е опишан системот на регистрарите.

## Плаќање и сметководство

## Член 9

Регистрарот е должен да врши уплата по фактурите во рок од 15 дена од денот на добивањето по електронска или писмена пошта. Доколку уплатата не содржи точни податоци, МАРнет не сноси одговорност за доцнење при евидентирање на уплатите.
Доколку регистрарот не ги подмири долговите кон МАРнет во дадениот рок од претходниот став на овој член, потребно е до МАРнет да достави банкарска гаранција за да продолжи да ја обавува дејноста регистрар.
Висината на банкарската гаранција изнесува уплата за регистрација на најмалку 100 (сто) домени утврдена спрема висината на надоместокот согласно Тарифникот на МАРнет.
Настанатите промени во Тарифникот, МАРнет ги објавува на својата интернет страница, а регистрарите ги известува по пат на електронска пошта најмалку 15 дена пред стапување на сила на настанатите промените.
Регистрарот, самостојно или на барање на МАРнет, на крајот од секоја календарска година, најдоцна до крајот на месец јануари наредната година, доставува до МАРнет копија од сметководствени картички за сите извршени уплати и врши усогласување на состојбата.

**Член 11**

Регистраротот има обврска на регистрантите да ги понуди сите услуги за регистрација на домени кои ги нуди МАРнет.

При регистрација на домени регистраротот постапува исклучиво според содржината и обемот на барањата добиени од регистрантите.

## Надзор над работата на регистрарите

**Член 15**

МАРнет е овластен да може во секое време да врши надзор над регистрарите, нивниот однос спрема регистрантите и примената на актите на МАРнет.

Регистраротот е должен да дозволи непречено вршење на надзор над спроведувањето на условите од договорот и актите на МАРнет.

Надзорот на регистрарите ќе се однесува на: усклаеноста на регистраротот со актите и стандардите кои ги пропишува МАРнет, уредноста на базата на податоци на регистрирани домени како и други критериуми утврдени со договорот.

**Член 16**

Доколку регистраротот неоправдано прави оптеретувања или го попречува исправното и правилно работење на мрежата и сервисите, ја загрозува техничката стабилност или на друг начин врши повреда на одредбите од договорот, МАРнет има право без претходна најава и без можност за обесштетување, привремено да го ограничи или потполно да го оневозможи регистраротот за регистрација на домени и пристап до базата на податоци.

Давањето лажни информации од технички и административен карактер кон МАРнет се сметаат за повреда на Општите услови и се услов за оневозможување за регистрација и пристап до базата на податоци за вршење на било какви активности.

МАРнет може претходно по писмен пат, или преку електронска пошта да го опомене регистраротот за направените повреди и кршење на условите од договорот и Општите услови за регистрар.

## Доверливост и сопственост над податоците

### Член 17

Сите податоци, спецификации и се во сопственост на МАРнет, а регистрарите имаат право на користење.

Во случај на прекин на договор, регистраротот е должен да ги врати сите податоци, спецификации и апликации добиени од МАРнет и нема право да задржува копии од истите.

Регистраротот е должен сите административни и технички процедури и спецификации во врска со работата и регистрацијата на .mk и/или .мкд домените, да ги чува во тајност, освен кога се работи за податоци од јавен карактер и кои се јавно објавени.

## Заштита на личните податоци на регистрантите

### Член 18

Регистраротот е должен со личните податоци на регистрантите и називите на домените да постапува во согласност со позитивните прописи кои ја уредуват областа за заштита на лични податоци.

Регистраротот нема да ги отстапува ниту објавува личните податоци на регистрантите, освен по налог на надлежни државни органи во склад со законот.

## Измени и дополнувања на Општите услови

## Член 19

МАРнет го задржува правото да врши измени и дополнувања на Општите услови при што е должен за тоа да ги извести регистрарите.

Ако со промените на условите се предвидува и измена на договорите со регистрарите, тие се должни во рок од 15 дена од стапуавање на сила на промените, да направат измена и дополнување на договорите за регистрари со МАРнет.

Сите евентуални спорови МАРнет и регистрарите ќе настојуваат да ги решат по мирен пат. Доколку не се решат спогодбено надлежен е Основен суд Скопје 2 – Скопје.

## Стапување на сила и важење на Општите услови

## Член 20

Овие Општи услови стапуваат на сила со денот на донесувањето и ќе се објават на интернет страната на МАРнет, а врз основа на нив веднаш ќе се потпише договор со секое правно лице што ќе поднесе барање и ќе ги исполни утврдените Општи услови.

Претседател на УО на МАРнет:
Проф. д-р Пеце Митревски